ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Бр. ______________
Датум: 30.12.2013 година

До: ЈЗУ ______________________
Центар за дијализа

**Предмет: Известување**

На седницата на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, одржана на 20 мај 2013 година донесена е **Одлука за утврдување на референтна цена за хемодијализен третман согласно упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекување со дијализа**. Одлуката е објавена во Службен весник на РМ бр.98 од 11.07.2013 година и се применува од 01.01.2014 година

Со Одлуката утврдена е **референтна цена на пакетот - хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција во износ од 5.400 денари.** Референтната цена ги опфаќа трошоците за хемодијализен третман и дијагностичките испитувања согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа.

Истовремено, со донесување на новата референтна цена, донесена е и **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лекови**, со која партиципацијата за оваа здравствена услуга е утврдена на износ од **1 денар** и се применува од 01.01.2014 година.

Оттука, Ве потсетуваме дека, ***двете одлуки стапуваат на сила од 01.01.2014 година*** така што сите здравствени установи се должни да постапуваат согласно истите.

Со почит,

Директор
М-р Маја Парнарџиева-Змејкова

Директор
Џемали Мехази
Xhemali Mehazi

Изготвил: Марија Петреска
Контролирал: Бранислава Катушевска